**20110110241**

## АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ

Управниот одбор на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување, врз основа на член 17 став (10) Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија” бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007 88/2008, 48/2009, 50/2010 и 171/2010), на седницата одржана на 24.1.2011 година година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР И НА НАДЗОРЕН ОДБОР НА ПЕНЗИСКО ДРУШТВО

Член 1

Во Правилникот за начинот и постапката за избор на член на управен одбор и на надзорен одбор на пензиско друштво („Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/2010) во член 3 став (1) по точката (ж) се додава нова точка з) која гласи:

„з)Препораки од најмалку две лица за искуството на предложениот член во пропишаните области, кои не се поврзани лица со пензиското друштво и не се на раководна позиција во пензиското друштво.“

Во ставот (2) точката б) се менува и гласи:

„За лице кое се предлага за член на управен одбор кој има положено испит за инвестиционен советник или друг соодветен испит од надлежна институција во странство, пензиското друштво доставува:

- Уверение за положен стручен испит за инвестиционо советување издадено од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, или
- Решение за издавање на уверение за инвестиционо советување од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, за признавање на сертификат за инвестиционо советување стекнат во странство.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-119/8
28 јануари 2011 година
Скопје

Претседател
на Управниот одбор,
**Анета Димовска,** с.р.